**КИРМ**
КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
18-1
04.01.2013 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 68 од Законот за извршување ( "Службен весник на Република Македонија" бр.35/05, 50/06, 129/06, 8/08, 83/09, 50/10, 83/10, 88/10,171/10 и 148/2011), в.в со член 19 од Правилникот за работа на Стручниот совет на КИРМ, Управниот одбор на Комората на извршители на Република Македонија, по повод утврдените предлог-мислења на седница на Стручен совет на КИРМ од 20.12.2012 година, на осумдесет и четвртата седница одржана на ден 04.01.2013 година, го усвои следното

## ПРАВНО МИСЛЕЊЕ

Согласно чл. 7 ст.1 Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик ("Сл.весник на РМ " бр. 142 од 13.11.2012) в.в со чл. 25 ст.1 од Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета (" Службен весник на РМ" бр. 143 од 14.11.2012 година ) Стручниот совет едногласно заседе став и е на мислење дека сите барања за извршување на извршни наслови за присилно изречени казни или надоместоци на штета за сторени кривични дела од Главата осумнаесетта " Кривични дела против честа и угледот " од Кривичниот законик ("Сл. Весник на РМ " бр. 37/1996 , 80/1999, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 87/2007, 07/2008, 139/2008, 114/2009, 51/2011, 135/2011 и 185/2011) и според одредбите на друг закон, поднесени од доверителите после 22.11.2012 година извршителите нема да постапуваат освен за судските трошоци досудени во тие пресуди .

Извршувањата започнати пред 22.11.2012 година со денот на стапување на сила на напред споменатите закони се запираат во делот на казаната или надоместоците за штета за сторени кривични дела.

Дејствијата преземени до 22.11.2012 година кои се однесуваат на извршување на казната или надоместоците на штета за сторените кривични дела извршителот со заклучок ги става вон сила.

За судските трошоци определени во извршната исправа извршителот продолжува да го спроведува извршувањето.

Трошоците на извршување за дејствијата преземени за наплата на изречените казни или наплата на штета направени до 22.11.2012 година паѓаат на товар на должникот.

Извршителот нема право на наплата за трошоците на постапката за извршување сторени со преземање на извршните дејствија за наплата на паричните казни и надоместоците за штета по 22.11.2012 година.

За дејствијата кои што се преземаат за извршување на судските трошоци определени во извршната исправа трошоците на извршиувањето ги поднесува должникот.

Претседател на Управен одбор
на Комора на извршители,
Гордан Станковиќ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ СКОПЈЕ

Бул. „ Илинден " бр. 60/2-2 Скопје
Тел: 02 3225 674 Факс: 02 3239 877
e-mail: izvrsitelinarm@yahoo.com